RegionalCooperationCouncil
Provided by the RCC Tourism Development and Promotion Project's Grant Programme

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

This Project is funded by the European Union

# КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА КАКО ДВИГАТЕЛ ЗА ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ

## СТУДИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА РЕГУЛАТИВАТА



Hidden Gems of Skopje Old Town

д-р Мишо Докмановиќ
д-р Дарко Спасевски
д-р Катерина Шапкова Коцевска

# КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА КАКО ДВИГАТЕЛ ЗА ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ

## Студија за проценка на регулативата

Скопје, 2019 година

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

www.isie.org.mk

За издавачот
д-р Мишо Докмановиќ

Автори
д-р Мишо Докмановиќ
д-р Дарко Спасевски
д-р Катерина Шапкова Коцевска

Лектура
м-р Лилјана Јовановска

Печати
Pan Computers&Print www.pan.mk

Hidden Gems
of Skopje Old Town

Проектот е финансиран од Европската Унија

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје и не ги одразува секогаш ставовите на Регионалниот совет за соработка и Европската Унија.

Активностите се спроведени преку грант на Проектот за развој и промоција на туризмот на Регионалниот совет за соработка (РСС). Проектот е финансиран од Европската Унија и имплементиран од РСС во обид да се придонесе за растот и конкуренцијата на шест економии од Западниот Балкан преку поддршка за развој и промоција на заедничка регионална, културна и алтернативна туристичка понуда.

# 1. ВОВЕД

Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје во периодот од ноември 2018 година до јуни 2019 година го спроведува проектот „Скриените богатства на Скопската чаршија" (Hidden Gems of Skopje Old Town). Целта на проектот е да се промовира културниот туризам и нематеријалното културно наследство на скопскиот Стар град, односно Скопската чаршија преку мапирање на локации и развој на тури кои туристите ќе можат да ги искусат преку користење на апликација за мобилен телефон. Со тоа тежнееме да ја подобриме туристичката понуда на градот, да привлечеме повеќе домашни и странски туристи, но и да ја подобриме економската одржливост на занаетите и дуќаните во чаршијата. Активностите се спроведени преку грант на Проектот за развој и промоција на туризмот на Регионалниот совет за соработка (РСС). Проектот е финансиран од Европската Унија и имплементиран од РСС во обид да се придонесе за растот и конкуренцијата на шест економии од Западниот Балкан преку поддршка за развој и промоција на заедничка регионална, културна и алтернативна туристичка понуда.

Нашата земја има голем потенцијал за развој на туризмот. Покрај традиционалните концепти на туризмот, посебен потенцијал е развојот на културниот туризам. Ова произлегува од културно-историското материјално и нематеријално наследство, во кое се вградени компоненти од различни цивилизации, како од етнички аспект, така и од верски и културолошки аспект. Во македонската култура, архитектура, литература, кујна, музика итн. се испреплетени источната и западната цивилизација, православието, исламот и јудаизмот.

Кога зборуваме за опфатот на културното наследство, треба да се истакнат различните пристапи. Имено, некои автори зборуваат за културното наследство во воопштена смисла, додека други фокусот на своето истражување го ставаат врз посебните видови наследство како што се изградено наследство, подвижно

наследство, археолошки локации итн.[1] Според Рамковната конвенција на Советот на Европа за вредноста на културното наследство за општеството од 2006 година (Council of Europe's Framework Convention on the Value of Cultural Heritage for Society)[2], културното наследство се дефинира како група извори инхерентни од минатото со кои се идентификуваат луѓето, а на кои не се сопственици, како израз на нивните постојани вредности, верувања, знаења и традиции. Во тоа се вклучени сите аспекти во средината во која постои интеракција помеѓу луѓето и просторот низ времето.[3]

УНЕСКО културното наследство го дефинира во поширока смисла како „оставштина од физички артефакти и нематеријални атрибути на група од општеството од минатите генерации кои опстоиле до денес и постојат за корист на идните генерации"[4]. Конвенцијата за заштита на светското културно наследство од 1972 година опфаќа: архитектонски дела, скулптури, слики, археолошки локации и ископини, цртежи во пештери, групи згради и локации составени од творби на луѓе, луѓе и природа, од непроценлива универзална уметничка, историска, научна, етнолошка или естетска вредност.[5]

Во 1980 година во Препораките за заштита и презервација на подвижни слики, исто така како културно наследство беше признаено и прифатено аудиовизуелното наследство.[6]

Покрај тоа, треба да се нагласи дека во 2001 година беше донесена Конвенцијата за заштита на наследство кое се наоѓа под вода, а во 2003 година беше донесена Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство која ги вклучи и човечките традиции и начин на живот.[7]

---

[1] Види: Dumcke, C., Gnedovski, M., "The Social and Economic Value of Cultural Heritage: literature review", European Expert Network on Culture, 2013, стр. 6.

[2] Council of Europe, Framework Convention on the Value of Cultural Heritage for Society, 2005, достапно на https://rm.coe.int/1680083746, посетено на 21 декември 2018 г.

[3] Ibid. стр. 2.

[4] Ibid. стр. 2

[5] Види: European Parliament, "Cultural heritage in EU policies", достапно на http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2018/621876/EPRS_BRI(2018)621876_EN.pdf, посетено на 21 декември 2018 г.

[6] Ibid.

[7] Ibid.

Во рамките на европскиот простор, релевантни се следните правни документи:

- Во 1985 година беше донесена Конвенцијата од Гранада за заштита на археолошкото наследство на Европа која го воспостави принципот на соработка и координација во Европа со цел заштита и конзервација на археолошкото наследство, а во 1992 година беше донесена Конвенцијата од Валета за заштита на археолошкото наследство со цел да го спречи незаконското ископување и кражба на археолошките наоѓалишта;
- Во 2001 година беше донесена Европската конвенција за заштита на аудиовизуелното наследство;
- Рамковната конвенција за вредноста на културното наследство за општеството од 2005 година го означува економското и социјалното значење и користи кои ги овозможува заштитата на културното наследство како предуслов за постигнување на одржлив развој; и
- На 7 март 2014 година Советот на Европа ја усвои Препораката 2038 „Европско загрозено наследство“ со која се повикува да се преземат активности со цел поврзување на културата, наследството и образованието како начин да се поврзе наследството со процесот на изградба на демократско општество.[8]

Во генерална смисла, културното наследство може да биде оформено и распределено во следниве групи:

- Подвижно наследство како што се скулптури, слики, монети и ракописи;
- Неподвижни споменици, археолошки локации и слично;
- Подводно културно наследство (остатоци од бродови, потопени градови и градби);
- Нематеријално наследство како што се традиции, занаети, ритуали, репродуктивни уметности;
- Природно наследство како што се културни пејзажи, геолошки, биолошки или физички формации, и
- Културно наследство загрозено од уништување и кражби во време на воени конфликти[9].

[8] Ibid.
[9] Ibid.

Многу студии го потврдуваат фактот дека, ако соодветно се управува со културното наследство, истото може да се користи како инструмент за социјална инклузија, развивање на меѓукултурен дијалог, оформување на идентитет на една територија, подобрување на квалитетот на животната средина, обезбедување на социјална кохезија и економска стимулација која вклучува развој на туризмот, креирање на нови работни места и поттикнување на инвестициските активности. Со други зборови, инвестирањето во наследството може да резултира со економски и социјални користи.[10]

Студија на OECD како главен предуслов за развој на културниот туризам го определува воспоставувањето на партнерство, помеѓу туристичката индустрија и културниот сектор, преку создавање на заеднички платформи за соработка со помош на кои овие два сектори би комуницирале поефикасно.[11] Ваквиот пристап поаѓа од претпоставката дека за локалните заедници би било подобро и поисплатливо да соработуваат заедно отколку да си конкурираат меѓусебно. Тоа најдобро би се направило преку моделите на јавно приватно партнерство кои овозможуваат учество на различни носители на интереси кои овие дестинации ќе ги направат од една страна интересни за туристите, но од друга страна ќе ги промовираат како пријатни (атрактивни) дестинации за живеење, работа и инвестирање.[12]

Во оваа смисла, главен проблем е судирот на два различно ориентирани пристапи: профитната мотивираност наспроти општата корист, пазарниот интерес наспроти јавниот интерес. Платформата која би ги поврзала овие два сектора треба да го идентификува нивниот заеднички интерес и да претставува посредник помеѓу нив. Во туристичкиот сектор повообичаено е да се зборува за корисници, потрошувачи или клиенти, додека пак, во секторот на културата насоката се става на публика или на граѓани (посетители). Овој пристап може да се надмине ако се поистовети дека туристите се исто така публика за културниот туризам.[13]

Во контекст на тоа, студијата со наслов „Културното наследство е важно за Европа“, ја наведува следната листа на користи кои може да произлезат од културното наследство:

---

[10] Види: Dumcke, C., Gnedovski, M., 2013, стр. 7.
[11] Види: "The Impact of Culture on Tourism", OECD, 2009, стр. 10.
[12] Ibid. стр. 13.
[13] Ibid. стр. 13.

- Ја зголемува атрактивноста на урбаните и руралните области и може да биде двигател за нивен развој;
- Влијае врз подобрувањето на квалитетот на живот на луѓето во овие области;
- Го истакнува уникатниот карактер на овие места, овозможува наратив за развој на културен туризам и создавање на работни места (Во Европска Унија во оваа област вработени се 300.000 лица, а индиректно во други помошни дејности опфатени се 7,8 милиони луѓе);
- Ја поттикнува иновативноста и креативноста;
- Обезбедува приходи од дејноста како што се продажба на влезници, туристички активности, а истовремено ја зголемува вредноста на имотите;
- Претставува главен фактор за обезбедување на одржливост на историските локации;
- Стимулира образование, знаење и разбирање на историските настани и
- Ја заштитува животната средина преку нивниот ефект на климатските промени.[14]

Во многу урбани области, културниот туризам и културните институции се користени за да се обезбеди регенерација, односно обновување на запуштените и осиромашени градски квартови, заживување на локалната економија и зголемување на вредноста на недвижностите. Во руралните области, туризмот се корист за да се поддржи традиционалниот начин на живот и занаети и одржување на локалните заедници на кои им се заканувааt последиците од миграцијата.[15]

[14] Види: European Parliament, "Cultural heritage in EU policies", op.cit.
[15] Види: "The Impact of Culture on Tourism", OECD, op.cit.

# 2. НАЦИОНАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

Значењето на туризмот како стопанска гранка може да биде согледано низ неколку параметри. Еден од главните и најчесто употребувани индикатори кои се користат за оваа цел е следењето на бројот на доаѓања и ноќевања на туристите во земјата. Притоа, под поимот турист се подразбира секое лице кое привремено престојува во некое место надвор од местото на своето постојано живеење и преноќева барем една ноќ во угостителски или друг објект за сместување.[16] Дефиницијата е во согласност со меѓународните препораки за статистиката на туризмот, пред сè издадени од Светската туристичка организација. Податоците кои ги публикува Државниот завод за статистика претставуваат релативно долги и податливи временски серии кои се однесуваат на периодот од 1960 до 2015 година. На сликата во продолжение се претставени движењата на овие две временски серии низ времето.

Слика 1. Доаѓања и ноќевања на туристи, 1960 – 2015




Извор: Државен завод за статистика, Туризам во РМ, 2011 – 2015, стр. 13

[16] Државен завод за статистика, Туризам во РМ, 2011–2015, стр. 6

Од сликата, може да се забележи дека двете серии се позитивно корелирани. Притоа, во анализираниот период може да се разграничат три одделни периоди од аспект на туристичката активност. Така, кај бројот на доаѓања и ноќевања на туристите забележуваме дека има нагорен тренд во периодот од 1960 до 1988 година. Во 1988 година е забележан и највисок број доаѓања и ноќевања во целиот анализиран период. Оваа година, меѓутоа претставува и пресвртница во движењето на прикажаните варијабли. Почнувајќи од 1988 до 2001 година, следува втората карактеристична фаза на туристичките состојби која означува континуиран пад на доаѓањата и ноќевањата на туристите во земјата. За ваквите трендови во голема мера влијаат и поширокиот општествено-политички и економски контекст, нестабилноста и конфликтите во земјата и соседството, општата инфраструктура на земјата и регионот и многу други фактори. Од 2002 година, наваму, состојбите во туризмот повторно се подобруваат, бележејќи благ, но стабилен подем на бројот на ноќевања на туристите во земјата.

Интересно е да се погледнат и податоците кои се однесуваат на местата кои ги посетуваат туристите во земјата. Бидејќи не постојат општи прописи за условите кои местата треба да ги исполнуваат за да бидат прогласени за туристички, за да се направи категоризација, статистиката, според критериумот „атрактивност“ и врз база на своите дефиниции, ги распределува во следните видови места:

- *Скопје* – како место кое ги привлекува посетителите како административно-политички центар, историски, етнички, културен, стопански и со слични особености;
- *Бањски места* – кои располагаат со извори на лековита вода;
- *Планински места* – кои, по правило, се места што се наоѓаат над 500 метри надморска височина или, пак, лежат во територијалниот дел на планината;
- *Други туристички места* – се места што поседуваат атрактивни фактори (на пример: климатски, културно-историски, сообраќајни и сл.), како и места покрај реките и природните и вештачките езера. Во статистичката пракса, тоа се местата кои се распоредени по бреговите на природните и вештачките езера (Охридското, Преспанското, Дојранското, Мавровското и слично);

- *Други места* се места кои не можат да се распределат во претходните групи, а располагаат со угостителски објекти за сместување.[17]

Врз основа на оваа категоризација, на табелата 2 се претставени резултатите за бројот на доаѓања и ноќевања на туристите во секоја од петте одделни дестинации, за периодот од 2011 до 2015 година.

## Табела 1. Доаѓања на туристи, по видови места (2011 – 2015)

| Место | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 141 386 | 152 412 | 168 623 | 181 835 | 220 212 |
| Бањски места | 27 441 | 27 430 | 28 405 | 29 532 | 29 169 |
| Планински места | 71 309 | 68 809 | 68 745 | 64 707 | 62 335 |
| Др. туристички места | 279 695 | 280 375 | 300 540 | 318 972 | 355 890 |
| Други места | 127 737 | 134 607 | 135 481 | 140 604 | 148 461 |
| ВКУПНО | 647 568 | 663 633 | 701 794 | 735 650 | 816 067 |

Извор: Државен завод за статистика, Туризмот во РМ, 1960 – 2015, стр. 13

Од табелата може да се забележи дека постои тренд на зголемување на бројот на доаѓања на туристи во земјата во периодот од 2011 до 2015 година. Така, бројот на туристи во 2015 година е повисок за 26 проценти во однос на 2011 година. Меѓутоа, иако постои пораст на вкупниот број туристички доаѓања, не е еднаков интересот на туристите за различните дестинации во земјата. Така, најголема позитивна промена има кај бројот на туристи кои пристигнале во Скопје. Така, во 2015 година во однос на 2011 година во Скопје е евидентиран пораст од 56 проценти на доаѓањата на туристите. Истовремено, иако со помал интензитет, се зголемуваат и пристигнувањата и во бањските места (6 проценти), другите туристички места (27 проценти) и други места (16 проценти). Единствено се

[17] Државен завод за статистика, Туризам во РМ, 2011–2015, стр. 6

намалува интересот на туристите за планински места, што може да се забележи од фактот дека во 2015 година имало 13 проценти помалку доаѓања на планински места во споредба со 2011 година.

Доколку, пак, се погледне потеклото на туристите кои ги посетиле петте одделни дестинации, согласно класификацијата на Државниот завод за статистика, повторно може да се забележат изразени разлики. Така, во 2015 година, најголем број доаѓања на домашните туристи се евидентирани во „други туристички места" (овде, пред сè, влегуваат езерските центри), додека странските туристи најмногу пристигнувања имале во Скопје. Структурата на пристигнувањата на туристите во 2015 година за домашните и странските туристи е претставена на сликата во продолжение.

## Слика 2. Доаѓања на домашни и странски туристи, 2015




Извор: Државен завод за статистика, Туризмот во РМ, 1960 – 2015, стр. 13

Државниот завод за статистика објавува податоци и за земјата на потекло на странските туристи. Во продолжение се претставени вкупниот број доаѓања на туристите во 2015 година, по земја на потекло, за оние земји за кои се евидентирани повеќе од 10.000 доаѓања. Убедливо, најголем број пристигнувања во 2015 година оствариле туристите по потекло од Турција – речиси една петина од вкупниот број странски туристи во оваа година.

| Земја на потекло | Број на туристи (доаѓања) |
|---|---|
| Турција | 90 857 |
| Србија | 43 613 |
| Грција | 38 829 |
| Холандија | 32 217 |
| Бугарија | 29 314 |
| Албанија | 18 493 |
| Германија | 17 939 |
| Полска | 17 054 |
| Хрватска | 15 135 |
| Косово | 13 950 |
| Италија | 12 444 |
| Словенија | 11 463 |
| САД | 10 186 |

Извор: Државен завод за статистика

Регионалната дистрибуција на бројот на доаѓања и ноќевања на домашните и странските туристи е дадена на слика 3. Најпосетени региони се Скопскиот, Југозападниот и Југоисточниот Регион во земјата.

Слика 3. Број на туристи и ноќевања, 2015 година, по регион




Извор: Државен завод за статистика, Туризмот во РМ, 1960 – 2015, стр. 48

# 3. АНАЛИЗА НА НАЦИОНАЛНАТА ПРАВНА РАМКА И РЕЛЕВАНТНИТЕ ДОКУМЕНТИ СО КОИ СЕ УРЕДУВА ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

Во овој дел на студијата се опфатени клучните законски документи и други релевантни документи кои се однесуваат на заштитата на културното наследство и развојот на туризмот во нашата земја.

## 3.1. Правни извори и документи кои се однесуваат на дејноста туризам

А) Закон за туристичка дејност

Основен закон со кој се уредува и определува туризмот, односно поширокиот контекст на оваа индустрија е Законот за туристичка дејност[18].

Согласно со законската дефиниција во членот 2 од Законот како туристичка дејност се подразбира „организирање и спроведување на туристички патувања во туристички места, фамилијарни излети и други некомерцијални

[18] Види: Закон за туристичка дејност, Сл. весник на РМ бр. 62/2004,89/2008,12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/15, 192/15 и 17/16 )

екскурзии и други туристички аранжмани во земјата и странство, давање на туристички информации, продавање и посредување при продажбата на угостителски и други туристички услуги, посредување околу издавање на куќи, станови и соби за туристи, вршење на услуги со туристички водичи и други услуги".

Карактерот на законот го има предвид значењето на културното материјално и нематеријално наследство, па затоа во членот 2 став (1) овој вид на туристички ентитет го вклучува во дефиницијата за „Туристичко место" кое го определува како подрачје или дестинација кое како организациона и функционална туристичка целина располага со природни, културни, историски и други знаменитости од значење за туризмот, комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура, како и објекти и други содржини за сместување и престој на туристите. На тој начин културното материјално и нематеријално наследство е признаено како туристичка вредност, која има голем потенцијал за развој на туризмот.

Во овој дел од анализата, сметаме дека е потребно да се даде и краток преглед на законската поставеност која се однесува на дејноста пошироко, а сѐ со цел да се има претстава за улогите на различните субјекти во дејноста како и за правата и обврските на туристот, односно „Корисникот" – потрошувач кој е определен како лице кое купува или е согласно да купи туристички пакет-аранжман (примарен договарач), или друго лице кое во име на примарниот договарач се сложува да купи туристички пакет-аранжман (друг корисник – потрошувач) или кое било друго лице на кое примарниот договарач или другите корисници му го пренеле користењето на туристичкиот пакет-аранжман.

Согласно со членот 3 од Законот за туристичка дејност, туристичка дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци регистрирани во трговскиот регистар (вршители на туристичка дејност) под услови и начин утврдени со овој закон. Физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат туристичка дејност, се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Согласно со членот 25 од Законот за туристичка дејност, туристичките агенции за вршење на дејноста мора да имаат лиценца за вршење на туристичката дејност. Лиценцата може да биде лиценца „А" и лиценца „Б".

Од интерес за нашата анализа се посебно категориите на туристички водич и туристички придружник. Се работи за субјекти, кои најнепосредно учествуваат во овој процес и директно остваруваат контакт со туристот, односно корисникот. Согласно со членот 39 од Законот за туристичка дејност, туристички водич е лице кое на домашните и странските посетители во земјата им ги презентира природните и антропогените туристички атракции, историјата на земјата и културно-историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атракции, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата и има комуникативни способности општи познавања од туризмот и психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи.

Во членот 40 од Законот за туристичка дејност се предвидени условите кои треба да ги исполнува туристичкиот водич и тоа: 1. да е државјанин на РМ и 2. да има живеалиште на територијата на РМ. Туристичкиот водич мора да има најмалку средна стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич.

Членот 41 од Законот за туристичка дејност предвидува дека стручниот испит за туристички водич се полага пред испитна комисија која ја формира високообразовната установа за туризам и угостителство. Стручниот испит за туристички водич се полага според утврдена програма. Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ја донесува високообразовната институција за туризам и угостителство по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието и науката, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

Во членот 44 од Законот за туристичка дејност е предвидено дека својството на туристички водич се докажува со посебна легитимација. Туристичкиот водич при давањето на услуга мора на видно место да ја носи легитимацијата на туристички водич со која се потврдува неговото својство.

Во членот 45 од Законот за туристичка дејност како туристички придружник се определува лице кое ја придружува туристичката група. Тој треба да ги познава најзначајните туристички региони во светот, како и туристичките места во земјата, општественото уредување, царинските и банкарските работи, сообраќајните можности и да поседува комуникативни способности и користи

еден од светските јазици. Својството на туристичкиот придружник се докажува со уверение на положен стручен испит за туристички придружник.

Туристичкиот придружник може да помага во патувањето на туристичката група при преминување на границата, плаќањето и менувањето на финансиски средства и при давање на други услуги меѓу непосредните корисници и даватели на услуги[19].

Согласно со член 48 од Законот за туристичка дејност, својството на туристички придружник се докажува со посебна легитимација. Туристичкиот придружник при давањето на услуга мора на видно место да ја носи легитимацијата на туристички придружник со која се потврдува неговото својство.

Како посебни форми на туризам, во Законот за туристичка дејност се предвидени  селски, етно и еколошки туризам. Со оглед на тоа дека овој дел на законот се однесува на специфични облици на туризам, и со оглед на фактот дека во другите делови на Законот не се содржани други одредби, а во овој дел е разработен само етно-туризмот, потребно е во законот попрецизно и појасно да се уреди културниот туризам во неговиот целосен капацитет што го вклучува материјалното и нематеријалното културно наследство. Ваквата поставеност на Законот тоа го прави само делумно, парцијално и неприметливо. Имено, согласно со членот 51, став (1) од Законот за туристичка дејност како услуги на етно туризам се подразбира меѓу другото и изработка и продажба на домашни ракотворби, сувенири, инструменти и други производи и услуги во селското домаќинство. Културниот туризам е многу поширок концепт, кој не е длабински и соодветно уреден во Законот за туристичка дејност.

Б) Стратешки документи за промоција и развој на туризмот

Како еден од стратешките програмски документи може да се земе предвид Националната стратегија за туризам заедно со Акционен план 2016 – 2021 година.

Согласно со оваа Национална стратегија и Акционен план 2016 – 2020 година, како туристичка атракција се определува место на интерес кое туристите го посетуваат типично поради неговата инхерентна или изложена културна

[19] Член 46 од Закон за туристичка дејност.

вредност, историско значење, природна или изградена убавина или можности за забава. Некои примери вклучуваат историски места, споменици, зоолошки градини, музеи и уметнички галерии, ботанички градини и градби (пр. замоци, облакодери, мостови), национални паркови и шуми, тематски паркови, историски музеи, етнички заедници, историски возови и културни настани.[20]

Во оваа стратегија се прави преглед на реализираните активности во периодот 2009 –2013 година во целата туристичка дејност. Во поглед на нашиот истражувачки интерес важни се следните констатации:

- Креирањето на пакети за културни настани и фестивали е делумно реализирано;
- Поврзувањето на тур-операторите со организатори на културни настани е само делумно реализирано;[21]
- Развивањето на програми за обуки на вработени на места кои претставуваат културно наследство не е воопшто реализирано;[22]
- Создавање на бази на податоци за културно наследство не е реализирано;[23]
- Создавање на план за заштита на културно наследство не е реализирано.[24]

Во Акциониот план за периодот од 2016 до 2021 година се предвидени низа глобални, односно национални мерки во поширок контекст што ќе значат реорганизација на туристичката дејност во целина и зголемување на капацитетите на оваа дејност, преку основање на фонд за развој на туризам, зголемување на средствата предвидени во националниот буџет, реорганизирање на организациските структури за туризам на национално ниво итн. Но, во делот на конкретните мерки, за промоција, поттикнување и развој на овој вид туризам, речиси и да нема никакви предвидени активности со исклучок на активноста, основање на постојана работна група во рамките на Министерството за култура за

[20] Види: Националната стратегија за туризам на Република Македонија заедно со Акционен план 2016 – 2020 година, стр 41. достапно на http://www.economy.gov.mk/doc/1057, посетено на 22 декември 2018 година.
[21] Ibid. стр 7.
[22] Ibid. стр 8.
[23] Ibid. стр 14.
[24] Ibid. стр 14.

координирање на туристички теми (на пр. развој на културолошки места како туристички атракции).

Еден од документите кој беше предмет на анализа е и „Потстратегијата за традиции и настани на РМ“ од 2014 година.[25] Во рамките на оваа потстратегија е утврдено дека реалната бројка на настани кои имаат капацитет да привлечат посетители од поширокото окружување е 300.[26]

Во овој документ настаните се групирани како: 1) настани поврзани со традицијата (овие настани се доминантни), 2) музички настани (фестивали и натпревари), 3) театарски настани, 4) едукативни настани и 5) настани поврзани со одбележување на меѓународни денови. Во потстратегијата е анализирана и временската дистрибуција на настаните, според која се заклучува дека јануари и август се месеци во кои се одржуваат најголем број од настаните (околу 30%), после кои следат мај, јуни и јули со околу 34%.[27]

Во оваа потстратегија се поттикнува и повикува на развој на т.н. Heritage hotels – хотели со наследство што претставуваат автентични градби кои истовремено се и сместувачки капацитети, во функција на промовирање на културното наследство.[28] Ваквиот модел подразбира пренамена на градби со традиционална архитектура (на пример, куќите во старите градски јадра во Охрид, Крушево, Битола, Велес и други градови) од урбаните или руралните средини при што потребно е да бидат функционално уредени за престој на гости.[29]

В) Закон за туристички развојни зони

Со Законот за туристички развојни зони[30], како посебен законски пропис се уредуваат погодностите за инвестирање во туристичките развојни зони, постапката за отуѓување на градежното земјиште за посебна намена за изградба на туристичките развојни зони, начинот и постапката за основањето, развојот и

[25] Потстратегијата за традиции и настани на РМ, достапна на http://tourismmacedonia.gov.mk/wp-content/uploads/2018/08/Potstrategija-za-tradicii-i-nastani.pdf, посетено на 22 декември 2018 година.
[26] Стр 11
[27] Стр 11
[28] Стр 16
[29] Стр 16
[30] Види: Законот за туристички развојни зони, Сл. весник на РМ, бр.141/12.

дејностите кои се вршат во туристичките развојни зони. Преку овие погодности, се очекува се постигне поширок ефект на развојот на туризмот во нашата земја. Согласно со членот 2 од Законот за туристички развојни зони, како цел на законот се предвидува забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на туризмот и националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето.

Г) Закон за занаетчиство

Основен закон со кој се уредува занаетчиската дејност е Законот за занаетчиство[31] од 2015 година. Овој закон претставува основата на правната рамка за вршењето на занаетчиската дејност. Покрај овој закон, вршењето на занаетчиската дејност посредно или непосредно е поврзана со низа на други закони. Како „занаетчиска дејност" согласно со член 2 од Законот се определува занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и уметничко занаетчиство. Занаетчиско производство претставува изработка и производство на производи претежно по нарачки, во мали серии, кое нема карактеристики на индустриско производство. Понатаму, согласно со членот 2 од Законот „занаетчиски услуги" се определени како поправки и одржување на производите, уредите и објектите, како и вршење на лични услуги. Како „дејност на домашно и уметничко занаетчиство" е дејност за која е карактеристичен едноставен начин на работа со главно рачна работа, уметничко и дизајнерско создавање.

Што се однесува до бројот на занаетчии, процените говорат дека заклучно со 2014 година биле регистрирани 7.000 занаетчии кои работеле во 300 занаетчиски дејности. Во рамките на Комората на занаетчии на Град Скопје, во текот на 2018 година се регистрирани нови 68 занаетчии, во 2017 година – нов 131 занаетчија додека пак, во 2016 година –124 нови занаетчии.[32]

Во тој контекст, познати се и неколку странски релевантни примери за ова прашање. Така, на пример, во Германија се развива нов сектор, т.н. сектор на

[31] Види: Законот за занаетчиство, Сл. весник на РМ, бр.215/2015".

[32] Види: „Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима", Институт за стратешки истражувања и едукација, 2018, достапно на следниот линк http://isie.org.mk/publications/from-regulatory-impact-assessment-of-handicraft-law-to-improvement-of-business/, посетено на 20 декември 2018 г.

културни и креативни индустрии.[33] Овој сектор, односно концепт, се развива на база на препораките на Конференцијата на економски министри на германските федерални единици коишто за првпат ја дефинираат содржината на овој концепт во јуни 2009 година. Во таа насока, дејностите кои се опфатени во рамките на секторот на културни и креативни индустрии, може да бидат вршени од било кои организациони бизнис форми, вклучително и занаетчиите. Со цел истите да се третираат како дел од секторот на занаетчиство, потребно е: да имаат вградено голем степен на рачна изработка, да се карактеризираат со уникатност и да вклучуваат индивидуализиран дизајн.[34]

Освен тоа, треба да се нагласи дека Институтот за стратешки истражувања и едукација во 2018 година го спроведе проектот „Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима“. Во рамките на овој проект беше анализирана состојбата со занаетчиската дејност и занаетчиските дуќани, во земјата, а посебно внимание беше посветено на состојбите со занаетчиската дејност во Старата скопска чаршија. Во тие рамки, беа формулирани неколку констатации од кои најважната се однесува на можноста преку промоција на занаетчиството како културно наследство, за што има соодветни капацитети, да се постигнат повеќе ефекти кои значат: зголемување на бројот на туристи, промоција на материјалното и нематеријално културно наследство, обезбедување на одржливост на бизнисите на занаетчиските дуќани, како и потенцијално зголемување на бројот на вработени во овој сегмент. За жал, констатациите на ова истражување беа дека се изоставени посебни мерки за поддршка на креативните и културните занаети, како и на занаетите во изумирање. За одредени занаети, на ниво на целата држава има само по неколку занаетчии (јорганџија, крпач, шапкар, самарџија итн.). Промоцијата на т.н. „стари занаети“ може да придонесе кон збогатување на туристичката понуда. [35]

[33] Повеќе види: "The Craft and Trade Sector in the Culture and Creative Industries", достапно на https://www.kultur-kreativ-wirtschaft.de/KUK/Redaktion/DE/PDF/handwerk-in-der-kultur-und-kreativwirtschaft-englische-fassung.pdf?__blob=publicationFile&v=2, посетено на 20 декември 2018 г.

[34] Ibid.

[35] Види: „Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима“, op.cit.

## 3.2. Правни извори со кои се уредува културното наследство

А) Закон за заштита на културното наследство

Основна правна рамка со која се уредува и регулира заштитата на културното наследство во земјата претставува Законот за заштита на културното наследство.[36] Со овој закон се утврдени видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во земјата.[37]

Според овој закон, културното наследство опфаќа материјални и нематеријални добра коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење[38]. Огромната важност на културното наследство создава потреба неговата заштита и користење да биде под правен режим согласно позитивно правната рамка во земјата.

Законот разликува неколку одделни поделби на културното наследство во земјата. Така, според неговите својства, културното наследство може да биде: недвижно, движно и нематеријално. Недвижното наследство ги опфаќа материјалните добра со статус на културно наследство подигнати врз земјиште или

[36] Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2004; 71/2004; 115/2007; 18/2011; 148/2011; 23/2013; 137/2013; 164/2013; 38/2014; 44/2014; 199/2014; 104/2015; 154/2015; 192/2015; 39/2016 и 11/2018).
[37] Чл.1, Закон за заштита на културното наследство.
[38] Чл.2, Закон за заштита на културното наследство.

зависни од него, односно кои не можат да се движат и да се поместуваат од едно место на друго без притоа да не се оштети нивната суштина (недвижни добра по природа), како и добра кои по своите физички својства се движни, а од оправдани причини се во состав на некое недвижно добро, како: инсталации, опрема, украсни елементи и слично, што трајно се поврзани со недвижното добро или трајно служат за негово користење (недвижни добра по намена)[39]. Во недвижно културно наследство спаѓаат спомениците, спомeничките целини и културните предели. Материјалните добра со статус на културно наследство кои во целост можат да се движат или поместуваат од едно место на друго, а притоа да не се оштети нивната суштина го претставуваат движното културно наследство[40]. Овој вид културно наследство ги опфаќа археолошките предмети, етнолошките предмети, историските предмети, уметничките предмети, техничките предмети, архивската граѓа, библиотечните добра, аудиовизуелните добра и фонотечните добра. Нематеријалното културно наследство, пак, опфаќа разни облици и појави на човековото духовно творештво во минатото, коешто заедниците, групите и поединците го препознаваат како свое културно наследство и кое се пренесува од генерација на генерација на територијата на нашата земја,[41] како што се фолклорните добра, јазикот и топонимите.

Културното наследство, според неговото значење, може да биде: од особено и од друго културно и историско значење, а според степенот на неговата загрозеност, може да биде: незагрозено и загрозено културно наследство. Загрозеното културно наследство се нарекува културно наследство во опасност.

Законот за заштита на културното наследство предвидува неколку облици на заштита. Ex lege заштитата ја означува заштитата која е обезбедена врз основа на овој закон. Овој облик на заштита го опфаќа културното наследство кое вклучува: дел од недвижните добра, задолжителниот примерок утврден со закон, архивската граѓа (без оглед дали е предадена во Архивот) и движното културно наследство со кое управуваат јавните установи за заштита (музеи, библиотеки, кинотека), запишано во инвентарната книга, како значајно културно наследство.[42] Ex lege заштитата ги вклучува и привременото заштитени добра врз основа на овој

[39] Чл.3, ст. 2, Закон за заштита на културното наследство.
[40] Чл.3, ст. 3, Закон за заштита на културното наследство.
[41] Чл.3, ст. 4, Закон за заштита на културното наследство.
[42] Чл.37, Закон за заштита на културното наследство.

закон.[43] Втор облик на заштита предвиден во позитивното право е заштитата врз основа на акт на заштита. Како релевантни акти кои ги предвидел законодавецот врз основа на кои се заштитува културното наследство на земјата, ги наведуваме: решение за привремена заштита, решение за прогласување значајно културно наследство, одлука за прогласување културно наследство од особено значење, Одлука за утврдување резервирана археолошка зона и решение за утврдување национално богатство.[44] Од нив, нематеријалното наследство може да биде заштитено преку решение за прогласување значајно културно наследство. Одделни нематеријални добра или недвижни добра што претставуваат споменична целина, односно културен предел, можат да бидат прогласени со закон. [45]

Заштитата и користењето на културното наследство се во фокусот на јавната политика во оваа сфера. Како општи забрани, законодавецот ги предвидел следните:

- Забрана за оштетување, уништување, присвојување, прикривање, затајување и узурпација на културното наследство;
- Забрана за отуѓување на државно културно наследство од особено значење;
- Забрана за извоз на културно наследство од особено значење;
- Забрана за увоз на украдено културно наследство и
- Забрана за реквирирање, репресија, напад и користење на културното наследство за воени цели.[46]

Б) Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство

Управата за заштита на културното наследство има изготвено Нацрт-Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство и Нацрт-Акциски план за нејзино спроведување[47]. Овој документ ги содржи целите и

---

[43] Чл.38, Закон за заштита на културното наследство.
[44] Чл.39-42(а), Закон за заштита на културното наследство.
[45] Чл.41, ст.3, Закон за заштита на културното наследство.
[46] Чл.49, ст.1, Закон за заштита на културното наследство.
[47] Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, Изготвена Нацрт - Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство и нејзин Акциски

основните начела на заштитата како и стратегиските определби во однос на легислативата, установите за заштита, јавната свест и едукацијата, популаризацијата на културното наследство финансирањето и др. Собранието на РМ, по предлог на Управата, а по претходно мислење од Националниот совет за културно наследство, донесува Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство.[48]

В) Старата скопска чаршија како наследство од особено значење

Во 2008 година, со посебен закон, Старата скопска чаршија беше прогласена за културно наследство[49]. Со овој закон, чаршијата е дефинирана како споменичка целина која е настаната во периодот од XV до XX век врз урбана структура што потекнува од XI век. Според членот 1 од овој закон, Старата скопска чаршија претставува културно наследство од особено значење, односно поткатегорија – големо значење. Културно наследство од големо значење ги означува добрата коишто имаат големо значење за националната историја, култура, уметност, наука или технички развој, односно добрата кои: (1) претставуваат сведоштво од поширок интерес за проучување на општествените појави; (2) се истакнуваат со својата изворност, репрезентативност во својот вид, разновидност на содржините, облик, изглед, функција, старост, зачуваност или со друга типичност, а поради повторување (застапеност во поголем број) не спаѓа во категоријата културно наследство од исклучително значење; (3) во кои се содржани делови, односно детали или други вредносни елементи од големо културно и историско значење и (4) кои се поврзани со значајни настани и истакнати личности од националната историја и култура.[50]

Преку обезбедувањето на заштита на споменичката целина на чаршијата, законодавецот предвидел дека ќе бидат остварени следните придобивки: (1) трајно зачувување на историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките,

---

план, достапно на http://uzkn.gov.mk/mk/изготвена-нацрт-национална-стратеги/, посетено на 23 декември 2018 година.

[48] Чл.49, ст.1, Закон за заштита на културното наследство.

[49] Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2008 и 171/2010).

[50] Чл. 28, ст.4, Закон за заштита на културното наследство.

амбиенталните, етнолошките, социолошките и другите научни и културни вредности, како и автентичноста, единственоста, разновидноста, интегралноста, староста и други својства, содржини и функции, (2) создавање на поволни услови за опстанок и задржување на интегритетот на сите податоци што ги носи во себе како сведоштво, (3) ширење на сознанија за нејзините вредности, значење и улога во културната идентификација, (4) оспособување да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните, како и (5) спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување или деградирање.

Со овој закон се уредени одредниците на Старата скопска чаршија, вклучувајќи ги локацијата, границите и контактните зони. Притоа, овој закон гарантира посебна заштита на ова подрачје, предвидувајќи промена на границите на заштитеното подрачје единствено со акт за заштита или акт за промена, во согласност со прописите за заштита на културното наследство. Можноста за менување на границите на заштитеното подрачје преку менување на просторен и урбанистички план ниту со друг вид акт, е исклучена.[51]

Заради заштита, уредување, ревитализација и рационално користење на Старата скопска чаршија се донесува еден урбанистички план за целата површина на споменичката целина. Урбанистичкиот план се изработува од страна на надлежната јавна установа за заштита, врз основа на заштитно-конзерваторски основи.[52]

Законот е рестриктивен во однос на практиките кои се дозволени за преземање во границите на заштитеното подрачје. Така, во Старата скопска чаршија не е дозволено:

1) да се менува постојната урбана структура, односно уличната мрежа, големината на блоковите и парцелите, отворените простори и слично;

2) да се градат или внесуваат индустриски и слични капацитети што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување;

3) да се подигаат меморијални споменици и спомен-обележја што не се поврзани со настанувањето и развојот на Старата скопска чаршија и

---

[51] Член 5, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[52] Член 6, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.

4) да се врши ископ на темели или подруми ниту да се изведува кој било друг вид земјени или градежни работи без претходно спроведување заштитни археолошки истражувања.[53]

Дополнително, непосредната заштита на Старата скопска чаршија се обезбедува преку:

1) зачувување на пешачкиот карактер на Старата скопска чаршија, со исклучоци во поглед на посебниот режим за снабдување и за возилата со специјална намена;

2) задржување на постојната висина на објектите, формата на покривите и оригиналните покривни материјали, со задолжителна употреба на ќерамиди како покривен материјал кај новоградбите;

3) усогласување на висината, изгледот, бојата и другите параметри за новоизградените објекти, односно објекти што се градат на празни локации или на места на дотраени објекти без вредности, со оние на постојните соседни објекти;

4) затскривање на сите видови водови од инфраструктурата и инсталациите, односно обезбедување тие да не бидат видливи во просторот на Старата скопска чаршија и на уличните фасади;

5) употреба на квалитетно дрво за изработка на столаријата, наместо метал или пластифициран лим и постепено отстранување, односно заменување на употребените метални или пластифицирани профили на уличните фасади;

6) исклучување на можноста да бидат поставени и отстранувањето на веќе поставените потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и слично;

7) вклопување на фирми и други натписи, билборди, неонски реклами и друг вид рекламирање, сообраќајни знаци, споменичка сигналистика, осветлување, поплочување и друг вид опремување на улиците и другите отворени простори;

8) задржување и одржување на постоечките основни функции на Старата скопска чаршија и враќање на некои изворни функции или давање нови,

[53] Член 7. ст.1, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.

современи функции на некои објекти, ако таквите функции се компатибилни со нивната природа и карактерот на споменичката целина;

9) заштитување на Старата скопска чаршија од секакви оштетувања, особено од оние што се резултат на несоодветно користење;

10) преземање превентивни и корективни мерки против деструктивните ефекти на бучава, удари и вибрации предизвикани од машини и возила и

11) вршење на конзерваторско-реставраторските и другите работи на непосредна заштита врз научна основа.[54]

Заштитата, пак, на контактните зони предвидува забрана за следните активности:

1) да се градат или внесуваат индустриски и слични капацитети што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување;

2) да се врши ископ на темели или подруми ниту да се изведува кој било друг вид земјени или градежни работи без претходно спроведување на заштитни археолошки истражувања;

3) да се менува уличната мрежа доколку со тоа се нарушува или оневозможува функционалната комуникација со Старата скопска чаршија;

4) во непосредна околина на Старата скопска чаршија да се градат објекти чија локација, габарит и изглед непосредно влијаат на Старата скопска чаршија и

5) да се обликуваат отворените простори на начин на кој ќе се деградира или нагрдува автентичноста на Старата скопска чаршија и на заштитеното подрачје во целина.[55]

Надлежностите за различни аспекти на заштитата на културното наследство на Старата скопска чаршија се поделени помеѓу различни институции. Така:

- Општините Чаир и Центар и нивните органи и јавни служби се одговорни за спроведување на мерки и активности во Старата

[54] Член 7, ст.2, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[55] Член 7, ст.3, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.

скопска чаршија во рамките на нивните надлежности утврдени со овој и друг закон.[56]

- Имателите на културното наследство во рамките на Старата скопска чаршија се одговорни за одржувањето, чувањето, почитувањето и правилното користење на културното наследство во Старата скопска чаршија.[57]
- Националната установа – Конзерваторски центар – Скопје е одговорна за преземање на заштитно-конзерваторски мерки во Старата скопска чаршија, согласно Законот за заштита на културното наследство. [58]
- Национален совет за ревитализација на Старата скопска чаршија – координативно и советодавно тело на Владата на РМ, задолжено за координирано реализирање на заеднички иницијативи, акции или проекти за заштита, уредување, користење и ревитализација на Старата скопска чаршија.[59]
- Министерството за култура врши надзор над спроведување на Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење. Министерството, исто така, е задолжено за вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон преку инспекторите за култура.[60]
- Во врска со примената на прописите за градење и просторно и урбанистичко планирање, надзор и контрола вршат органите надлежни за вршење на работите од областа на уредување на просторот.[61]

[56] Чл.9, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[57] Чл.9, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[58] Чл.9, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[59] Чл. 10, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[60] Чл.12, ст.1-2, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[61] Чл. 12, ст.3, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.

Г) Програма за ревитализација на Старата скопска чаршија

Заради оспособување на Старата скопска чаршија да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните, Владата на предлог на Националниот совет, донесува Програма за ревитализација на Старата скопска чаршија.[62] Министерството за економија, во рамки на Програмата за развој на туризмот за 2018 година, предвидело продолжување на Проектот за уредување на излозите и рекламите во Старата скопска чаршија, Охридската, Битолската и Струшката чаршија. Оваа активност опфаќа доделување на средства во вкупна висина од 16,5 мил. ден. на општините на чие подрачје се наоѓаат чаршиите (Старата Скопска чаршија, Охридска, Битолска и Струшка чаршија). Потоа општините преку јавен повик ќе обезбедат финансиска поддршка за вкупно 150 дуќани во чаршиите, според принципот на пропорционална распределба.[63]

Д) Стратегијата за регионален развој 2009 – 2019 година

Во Стратегијата за регионален развој(2009 – 2019 година), природното и културно историското наследство со кое се одликуваат планските региони е ставено во функција на креирање на препознатливост на планските региони и развој на туризмот. Значењето на Старата скопска чаршија како дел од културното наследство е потенцирано и во оваа стратегија каде е наведено дека богатото природно и културно историско наследство на Скопскиот регион ги опфаќа: археолошкиот локалитет Скупи, тврдината Кале, аквадуктот, Старата градска чаршија на градот Скопје, бројни цркви и манастири, спомениците на природата Матка и езерото Треска.[64]

[62] Чл.11, Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење.
[63] Програма за изменување на програмата за развој на туризмот за 2018 година.
[64] Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019 година.

# 4. ЕМПИРИСКИ ПОДАТОЦИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Покрај правната анализа, со цел утврдување на состојбите во областа на заштитата на културното наследство, истражувачкиот тим на овој проект спроведе и анкета со посетителите на Старата скопска чаршија како и интервјуа со занаетчии. Овие активности (активности и анкета) беа спроведени во периодот од 20 декември 2018 година – 15 јануари 2019 година.

Целта на истражувањето беше да се соберат повеќе информации за перцепциите на граѓаните и занаетчиите за можностите и начините за подобрување на туристичката понуда и економската одржливост на дуќаните во чаршијата. Истото е од исклучителна важност бидејќи овие перцепции и ставови на граѓаните ќе бидат искористени во следните фази на проектот, особено во мапирањето на клучните локации, развојот и осмислувањето на турите, како и изработката на мобилната апликација.

Во продолжение се претставени добиените резултати.

## 4.1. Резултати од анкетата

Во периодот од 20 декември 2018 година до 15 јануари 2019 година беше спроведена анкета во врска со ставовите, мислењата, навиките и вкусовите на посетителите на Старата скопска чаршија. За потребите на истражувањето беше развиен прашалник, кој содржеше вкупно 24 прашања. Прашањата содржани во прашалникот опфаќаа теми поврзани со интензитетот на посети на испитаниците во Старата скопска чаршија, кои се нивните цели и мотиви за посетата на чаршијата, какви се нивните ставови околу ефикасноста на заштита на културното наследство и останати области.

Анкетата беше спроведена во електронска и писмена форма. Вкупниот број испитаници кои одговорија на прашалникот изнесува 60 лица. Притоа, од нив најголем дел, односно 78 проценти, живеат во Градот Скопје, 25 проценти не се од главниот град, додека 2 проценти од испитаниците не одговориле на ова прашање.

Првиот дел на прашања од прашалникот се однесуваа на идентификација на навиките на посетителите на чаршијата, од аспект на фреквенцијата на нивните посети и мотивите за истите. Така, најголем дел од добиените одговори (33 проценти) означуваа дека причината поради која лицата доаѓаат во чаршијата е да посетат некое од локалните кафулиња или ресторани. Значаен дел (23 проценти) одговориле дека уживаат во убавините на специфичната архитектура како повод за нивната посета на чаршијата. Како други релевантни причини поради кои испитаниците ја посетуваат чаршијата се: да набават некое добро или услуга (или популарно кажано, одат на „шопинг“), да посетат некоја културна манифестација или поради други причини.

Слика 4. Причини за посета на Старата скопска чаршија




Една четвртина од испитаниците одговориле дека, во просек, чаршијата ја посетуваат еднаш на секои два месеци. Почесто од тоа, што значи најмалку еднаш месечно ја посетуваат 30 проценти од испитаниците, додека 17 проценти ја посетуваат еднаш на три месеци или поретко.

Слика 5. Фреквенција на посета на Старата скопска чаршија




Повеќе од половината испитаници одговориле дека претежно ја посетуваат чаршијата во околу пладне или наутро (вкупно 54 проценти), додека остатокот од испитаниците ја посетуваат попладне или навечер.

Слика 6. Посета на чаршијата во рамки на едно деноноќие



Освен периодот од денот, беше оценето дека е важно да ги утврдиме и шемите на посета од аспект на денот на неделата. Така, во еден општ случај, прашалникот содржеше прашање кое се однесуваше на деновите во кои посетителите почесто ја посетуваат чаршијата, дали во текот на работната недела или преку викендот. Две третини од добиените одговори објаснуваа дека посетителите во голема мера го преферираат викендот, односно крајот на неделата пред работните денови за организирање на нивните посети на чаршијата.

Слика 7. Денови на посета на чаршијата




Понатаму, анкетата покажа дека најголем дел од испитаниците (повеќе од 40 проценти) купуваат производи чија цена не надминува 1000 денари по производ при нивната посета на чаршијата. Ваквата информација е особена важна за понудувачите на добра и услуги лоцирани во чаршијата, од аспект на утврдување на нивната ценовна стратегија. Голем е уделот и на оние потрошувачи кои трошат од 1000 до 2000 денари по производ при нивната посета на чаршијата и изнесува 35 проценти. Само 8 проценти од испитаниците си дозволуваат да купат производ кој чини повеќе од 2000 денари, но не повеќе од 3000 денари.

Слика 8. Ценовен ранг на производите во Старата скопска чаршија




Наредното прашање беше вистинска потврда на мултикултурниот дух и обединувачкиот карактер на чаршијата во однос на заедниците од различна етничка афилијација присутни во Старата скопска чаршија. Имено, речиси сите (дури 97 проценти) од испитаниците одговориле дека не им е важна етничката припадност на занаетчијата од кого купуваат добра или услуги при нивната посета на чаршијата.

Слика 9. Етничка припадност на занаетчиите




Дел од прашањата вклучени во анкетниот прашалник се однесуваа на оцена на постојните содржини кои ги нуди Старата скопска чаршија, а кои го вклучуваа културното наследство, како нематеријално, така и материјално. На Ликертова скала од 1(еден) до 5 (пет), каде 1 (еден) означува ситуација во која испитаникот воопшто не се согласува, додека 5 (пет) е ситуација во која во целост се согласува, испитаниците одговараа на прашања поврзани со понудата на традиционални производи во чаршијата. Добиените одговори се претставени на сликата 10, дадена во продолжение.

Слика 10. Понуда и квалитет на сувенири




Можеме да забележиме одредена сатисфакција кај испитаниците во врска со квалитетот, цената и понудата на сувенири во чаршијата. Имено, најголем дел од испитаниците делумно или целосно се согласуваат дека постојните сувенири се иновативни, модерни, со пристапни цени и лесно достапни во продавниците за сувенири лоцирани во чаршијата.

Утврдувањето на преференциите на посетителите од аспект на видливоста и заштитата на културното наследство, беше за нијанса покомплицирано да се определи. Имено, во врска со оваа област беа поставени три одделни прашања кои се однесуваа на видливоста на културното наследство, состојбата со културно-историските споменици и организацијата на јавни настани и различни фестивали. Во врска со првото прашање, најголем дел од посетителите се согласуваат во целост или делумно дека културното наследство е лесно за наоѓање и препознавање во чаршијата. Најголем дел од испитаниците се неутрални во врска видливоста на културно-историските споменици. Во врска со културната програма која вклучува организација на настани и фестивали, не може јасно да се определи какви се преференциите на посетителите во чаршијата. При

креирањето на одговорите на ова прашање, како и во претходниот случај е користена Ликертова скала од 1 (еден) до 5 (пет).

Слика 11. Културно наследство во Старата скопска чаршија




Три четвртини од испитаниците се заинтересирани да присуствуваат на презентација на процесите на изработка на традиционални производи и занаети. Притоа, најголем дел од нив (37 проценти) сметаат дека можат да издвојат најмногу 250 денари месечно за ваков тип активности. Деталните податоци во врска со ова прашање се дадени на сликите во продолжение (слика 12 и слика 13).

Слика 12. Посета на презентација на процеси




Слика 13. Надомест за посета на презентација



Мислењето на испитаниците е хетерогено и поделено и во врска со нивните размислувања дали државата, градот или општината вложуваат доволно за промоција на културното наследство на Скопската чаршија. Сепак доминира ставот дека не се вложуваат доволно средства за оваа намена. Така, дури 40 проценти одговориле дека не се согласуваат (целосно или делумно) со оваа изјава.

Слика 14. Односот на властите кон промоцијата на културното наследство




Во врска со логистичките услови во чаршијата и одржувањето на јавниот простор, односно хигиената во градот, најголем број од испитаниците не се задоволни (делумни или во целост).

Слика 15. Сатисфакција од логистички услови




Конечно, анкетата резултираше со уште еден оптимистичен заклучок во врска со видливоста и промоцијата на приказната за настанувањето, развојот и животот на Старата скопска чаршија. Така, дури 87 проценти оцениле дека е корисно постоењето на посебни интернет страници на кои ќе биде презентирана приказната на чаршијата.

Слика 16. Интернет промоција на Старата скопска чаршија



Заклучоци и препораки

- Најголем дел од посетителите ја посетуваат чаршијата еднаш во два месеци. Збогатувањето на содржините кои ги нуди Старата скопска чаршија може да влијае позитивно на поттикнување на посетителите почесто и во поголем број да ја посетуваат чаршијата.
- Најголем дел од посетите се регистрирани околу пладне и за време на викендите. Овој заклучок може да влијае врз модификување на постојните програми, понуди и промоции во чаршијата, да бидат временски лоцирани во периодот кога посетителите претежно ја посетуваат чаршијата.
- Најголем дел од посетителите издвојуваат не повеќе од 2000 денари за набавка на производи при нивната посета на чаршијата. Оваа информација може да биде од корист при утврдувањето на ценовната стратегија на занаетчиите, односно при утврдување на цената на нивниот финален производ.
- Чаршијата е вистински пример за мултикултурализмот и меѓусебното разбирање и соработка меѓу заедниците од различна етничка афилијација во земјата. Затоа, охрабруваме понатамошно зајакнување на толеранцијата и понагласена промоција на чаршијата како успешна мултиетничка и мултикултурна, долговековна приказна.
- Содржините на чаршијата, вклучувајќи ја и постојната понуда на сувенири, во значителна мера можат да послужат како поддршка на туристичката дејност во земјата преку привлекување на поголем број туристи. Во крајна линија, ова доведува до локални и национални економски придобивки (зголемување на приходите на продавачите, зголемување на понудата, нови вработувања и др.)
- постои простор за подобрување на логистичките услови во чаршијата и хигиената.

## 4.2. Ставови од интервјуата

Од исклучително значење во истражувачката фаза беше да се оствари контакт со занаетчиите и да се анализираат нивните ставови за главните предизвици со кои се соочуваат. Во таа насока, фазата на интервјуа беше спроведен во периодот од 15 до 30 декември 2019 година во дуќаните во чаршијата и беа опфатени 12 различни занаетчии. Презентираните ставови на занаетчиите ќе бидат земени предвид при утврдувањето на локациите и развојот на турите за апликацијата.

Во рамките на интервјуата беа наведени следниве ставови на занаетчиите:

- Доаѓаат многу туристи, но многу малку ги посетуваат занаетчиските дуќани во чаршијата и многу малку купуваат производи.
- Впечатокот на занаетчиите е дека туристите во чаршијата најчесто посетуваат ресторани и кафетерии.
- Голем број од малите занаетчии не се запознаени со законската рамка и можностите кои ги нуди државата. Дел од занаетчиите сметаат дека оваа област е уредена со повеќе законски прописи кои понекогаш се контрадикторни и создаваат потенцијален хаос при нивната примена.
- Постои висок степен на нелојална конкуренција. Овој проблем е изразен и кај малите и кај големите занаетчии.
- Потребно е подобрување на комуникацијата и соработката, особено помеѓу помалите занаетчии кои гравитираат кон чаршијата особено во контекст на предностите кои истата ги нуди, како и во однос на заеднички иницијативи за подобрување на логистичките капацитети за вршење на дејноста.
- Изоставени се посебни мерки за поддршка на креативните и културните занаети, како и на занаетите во изумирање. За одредени занаети, на ниво на целата држава има само по неколку занаетчии (јорганџија, крпач, шапкар, самарџија итн.). Промоцијата на т.н. „стари занаети“ може да придонесе кон збогатување на туристичката понуда.

- Најголем дел на лица кои влегуваат во занаетчиството, се повозрасни лица (30–40 години) кои веќе имале одредени квалификации, но останале без работно место. Потребно е оваа професија да стане атрактивна и за младите.
- Постои потреба од осмислување на поатрактивни понуди за привлекување на туристите – на пример, обуки за изработка на атрактивни и уникатни сувенири за туристите, подобрување на нивната видливост, користење на современи алатки за реклама итн.

# 5. Препораки

Врз основа на спроведеното истражување беа формулирани следниве препораки:

До властите:

- Да се разгледаат можностите Чаршијата да биде добро од исклучително значење, наместо од големо значење (Закон за културно наследство, чл. 28);
- Да се воведе систем на субвенционирање од страна на државата со значителни износи би ги поттикнала облиците на културен туризам во рамките на Старата скопска чаршија;
- Старата скопска чаршија да се воведе во програмите кои им се нудат на туристите како една од најважните дестинации во Скопје;
- Во Законот за туристичка дејност да се внесат одредби со кои ќе се уреди културниот туризам и неговите подоблици;
- Да се разгледаат можностите за формирањена јавно-приватно партнерство кое ќе ја поддржи туристичката дејност во Старата скопска чаршија;
- Поттикнување на врската и соработката помеѓу тур-операторите и дуќанџиите во чаршијата;
- Развивање на креативни програми за обука за рачна изработка на уникатни и препознатливи сувенири на занаетчиите во чаршијата, како и поттикнување на „старите занаети";
- Поттикнување за отворање на т.н. хотели со наследство (heritage hotels).

До занаетчиите:

- Да ја унапредат соработката со останатите занаетчии во чаршијата и да работат на заедничка промоција на чаршијата и нивните занаети;

- Да ја подобрат соработката со медиумите, туристичките агенции и тур-операторите кои работат на активности во чаршијата;
- Да работата на осмислување на нови иновативни активности особено во работните денови;
- Да работат на развој на заеднички пакети на пример со ресторани, кафулиња и чајџилници;
- Да ги разгледаат можностите за заживување на „старите занаети" во чаршијата;
- Да работат на развој на поуникатни и препознатливи сувенири на занаетчиите во чаршијата кои ќе се продаваат за цена под 1000 денари;
- Мултикултурниот дух на чаршијата е многу важен за сите. Занаетчиите треба задолжително да водата сметка во идните идеи и иницијативи да ја промовираат мултикултурата која е карактеристична за чаршија;
- Да работат на осмислување на активности со кои директно ќе ги вклучат посетителите со процесите на изработка на нивните производи;
- Развој на понуди за конкретни туристи (слично на пристапот во Охрид каде се развиени понуди за холандските туристи).
- Заеднички настап, презентација и присуство на социјалните медиуми.

# 6. Библиографија


1. "The Craft and Trade Sector in the Culture and Creative Industries", достапно на https://www.kultur-kreativ-wirtschaft.de/KUK/Redaktion/DE/PDF/handwerk-in-der-kultur-und-kreativwirtschaft-englische-fassung.pdf?__blob=publicationFile&v=2, посетено на 20 декември 2018 г.
2. Council of Europe, Framework Convention on the Value of Cultural Heritage for Society, 2005, достапно на https://rm.coe.int/1680083746, посетено на 21 декември 2018 г.
3. Dumcke, C., Gnedovski, M., "The Social and Economic Value of Cultural Heritage: literature review", European Expert Network on Culture, 2013.
4. European Parliament, "Cultural heritage in EU policies", достапно на http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2018/621876/EPRS_BRI(2018)621876_EN.pdf, посетено на 21 декември 2018 г.
5. OECD, "The Impact of Culture on Tourism", OECD, 2009.
6. Државен завод за статистика, Туризам во РМ, 2011 – 2015.
7. Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2004; 71/2004; 115/2007; 18/2011; 148/2011; 23/2013; 137/2013; 164/2013; 38/2014; 44/2014; 199/2014; 104/2015; 154/2015; 192/2015; 39/2016 и 11/2018).
8. Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2008 и 171/2010).
9. Закон за туристичка дејност, Сл. весник на РМ бр. 62/2004,89/2008,12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/15, 192/15 и 17/16 )
10. Законот за занаетчиство, Сл. весник на РМ, бр.215/2015".
11. Законот за туристички развојни зони, Сл. весник на РМ, бр.141/12.

12. Институт за стратешки истражувања и едукација, „Преку проценка на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима", Институт за стратешки истражувања и едукација, 2018, достапно на следниот линк http://isie.org.mk/publications/from-regulatory-impact-assessment-of-handicraft-law-to-improvement-of-business/, посетено на 20 декември 2018 г.
13. Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство, Изготвена Нацрт-Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство и нејзин Акциски план, достапно на http://uzkn.gov.mk/mk/изготвена-нацрт-национална-стратеги/, посетено на 23 декември 2018 година.
14. Националната стратегија за туризам на Република Македонија заедно со Акционен план 2016 – 2020 година, стр 41. достапно на http://www.economy.gov.mk/doc/1057, посетено на 22 декември 2018 година.
15. Потстратегија за традиции и настани на РМ, достапна на http://tourismmacedonia.gov.mk/wp-content/uploads/2018/08/Potstrategija-za-tradicii-i-nastani.pdf, посетено на 22 декември 2018 година.
16. Програма за изменување на програмата за развој на туризмот за 2018 година.
17. Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019 година.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

930.85:338.48]:340.13(497.7)
930.85:338.48(497.711)"2018/19"(049.5)

ДОКМАНОВИЌ, Мишо
Културното наследство на Старата Скопска чаршија како двигател
за економски и социјален развој : студија за проценка на регулативата /
Мишо Докмановиќ, Дарко Спасевски, Катерина Шапкова Коцевска. - Скопје :
Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, 2019. - 60 стр. :
илустр. ; 21 см

Библиографија: стр. 60

ISBN 978-608-66313-1-4
1. Спасевски, Дарко [автор] 2. Шапкова Коцевска, Катерина [автор]
а) Културно наследство - Туристички аспекти - Правна рамка - Македонија
б) Стара скопска чаршија - Културно наследство - Туристички аспекти -
2018-2019 - Анкета
COBISS.MK-ID 109695754



Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје и не ги одразува секогаш ставовите на Регионалниот Совет за Соработка и Европската Унија.